РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр 04-44/1
11.01.2023 год
ДЕМИР КАПИЈА

З А П И С Н И К

Од комисијата за спроведување на практичниот дел од испитот

за стекнување со лиценца за инспектор

На ден 11.01.2023 год. со почеток во 10 часот во просториите на Општина Демир Капија започна да се спроведува практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор за животна средина за кандидатот Анета Ристова

Присутни беа членовите на комисијата во состав:

1. **Вера Љатева - Ментор.** Државен инспектор за животна средина од Одделението за инспекциски надзор во животната средина, Вардарски и Југоисточен регион;
2. **Пејо Кировски – Член.** Раководител на Одделение за инспекциски надзор во животната средина, Скопски регион;
3. **Јованче Колев – Член,** Државен инспектор за животна средина од Одделението за инспекциски надзор во животната средина-седиште Струмица, канцеларија Квадарц;
4. **Влатко Серафимов -Член** од Инспекциски Совет од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето.

Кандидатот Анета Ристова избра симулација на редовен инспекциски надзорврз основа на член 24 од Законот за животната средина. Симулацијата на испекцискиот надзор е кај правен субјект винарска визба Попова Кула АД Демир Капија и е со цел да се констатира дали винарската визба постапува според задолженијата од Решението за одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина и дали се придржува кон пропишаниот режим и мерките за заштита на животната средина, предвидени во Елаборатот.

Симулацијата на вонредниот инспекциски надзор се одвиваше во четири фази и тоа:

Фаза бр.1. Планирање и подготовка на инспекцискиот надзор.

Фаза бр.2. Спроведување на инспекцискиот надзор.

Фаза бр.3 Затворање на инспекцискиот надзор.

Фаза бр.4. Документирање на инспекцискиот надзор.

По завршување на инспекцискиот надзор, комисијата започна со бодирање на кандидатот Анета Ристова.

Освоени бодови од сите фази:

Фаза бр.1	15
Фаза бр.2	30
Фаза бр.3	25
Фаза бр.4	15
Вкупно освоени бодови	85

Според покажаните резултати од симулацијата на инспекцискиот надзор како и од бодирањето од страна на Комисијата се утврди дека кандидатот Анета Ристова успешно го положи практичниот дел од испитот.

Испитот заврши во 12 часот.

Комисија:

1. **Вера Љатева** _____
2. **Пејо Кировски** _____
3. **Јованче Колев** _____
4. **Влатко Серафимов** _____